# ПИВАРА СКОПЈЕ вработува

## ПЛАНЕР ЗА ПОБАРУВАЧКА

## м/ж



**Истражи повеќе и аплицирај**

## ШТО НУДИМЕ

- Флексибилност во организирање на работното време
- Хибриден модел на работа кој овозможува работа од дома
- Целосно дигитализиран процес на работа базиран на современи алатки и технологии
- Достапност на сите програми кои се во рамки на Клуб Пиварци - Програма за унапредување на благосостојбата на вработените
  Фит кит – бесплатна месечна членарина која овозможува пристап до повеќе од 300 спортски активности
- Исплата на годишен бонус согласно корпоративните, локалните и индивидуалните остварувања
- Годишно зголемување на плата врз основа на индивидуални перформанси
- Бесплатни компаниски производи за роденден и празници
- 24/7 осигурување од незгода
- Можности за обуки и развој поддржани од две интернационални корпорации

## ШТО БАРАМЕ

- Високо образование, предност – Економија, Финансии и Статистика;
- 2 + години искуство на идентична или слична позиција;
- Напредно познавање на алатките MS Office (Excel, Word, Power Point);
- Напредни аналитички вештини и пасија за работа со бројки;
- Добро познавање на деловниот англиски јазик.

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ

- Консолидирање на податоци од интерни и екстерни анализи, пазарни трендови, и однесувањето на потрошувачите, и употреба на истите во планирањето на побарувачката;
- Интегрирање на податоците обезбедени од одделите на продажба, маркетинг и производство во планирањето на побарувачката и креирање на времени и прецизни планови за продажба;
- Комуникација со одделите на продажба, маркетинг, финансии и синџир на набавка со цел да се идентификуваат факторите при предвидување на побарувачката;
- Континуирано идетификување на неусогласености од предвидувањето во однос на буџетот и навремено информирање на Менаџментот за настанатите девијации;
- Водење и координација на неделни состаноци за планирање помеѓу функциите за да се имплементираат најновите информации во предвидувањата;
- Мерење и евалуација на продажните планови во однос на реалните продажни резултати.

**Доколку се пронаоѓаш во описот, аплицирај најдоцна до 30.06.2024г.**

Неделното работно време за позицијата е од понеделник до петок, 40 работни часа. Договорот за вработување е на определено време од 6 месеци, со можност за продолжување на неопределено време.

Избор на пријавените кандидати ќе се изврши во рок од 45/90/120 дена по истекот на рокот за пријавување во зависност од бројот на пријавените кандидати.

Со праќање на вашата апликација, давате согласност вашите податоци да бидат задржани и користени од компанијата во рок од 1 (една) година.

Купувачот на прво место

„Ние“ пред „јас“

Одржливост

Едноставност

Coca-Cola HBC

ПИВАРА-СКОПЈЕ 1922

HEINEKEN